Томислав Османли

# Стрмоглави

Сценарио за ТВ филм

Под насловот „Смок лета по небото“
ова сценарио ја доби единствената награда
доделена на конкурост за игран проект
на МТВ во 1999. година.

Скопје
1999 / 2002.

## УЛОГИ

Ико Смок, околу 50, отпадник

Стариот, татко му

Нате, 35, сешн-музичарка

Јане, нејзин богат пријател

Инспекторот, на полицијата

Кец, рекетар

Цветко, негов партнер

Игнатие, летач на параглајдер

Борис, негов татко

Малиот, шестгодишно дете

Шефот, на агенцијата за обезбедување

Газдата, на Казиното

Келнер, во кафуле

Шверцер

**1.сцена: Градско казино**

Големата просторија е исполнета со луѓе и чад. Покрај рулетот стои наконтен човек на средна возраст со груба, вознемирена, нетипична фаца. Испотен е. Вложува крупен влог на две соседни полиња. Крупието рутински го најавува крајот на вложувањето. На другата страна од масата кибицирајќи ја играта стои Кец, човек со студен поглед и цигара меѓу тенките усни. Крупието го врти рулетот. Во близината, професионално разгледувајќи го амбиентот, две дамички бараат друштво.

Стоејќи на влезот од казиното, додека пред него минуваат невообичаените физиономии на ноќните посетители на Казиното, облечен во дискретна портирска униформа, стои Ико, главниот јунак на оваа приказна, стивнат средовечен висок човек со остри и енергични црти на ковчестото лице. Носи мустаќи по урнек на оние од седумдесеттите години.

Рулетот запира. Крупието со палката ги собира изгубениот влог. Играчот-губитник со испотено лице стаписано стои покрај масата. Потем брзо заминува.

Кибицерот студено погледнува по него.

Крупието најавува нова игра.

**1-а. под-сцена: Тоалет.**

Ико влегува во машкиот тоалет, големата просторија со повеќе мијалници и огледала. Бара. Отворајќи ја вратата гледа како еден тип подготвува фикс. Оди натаму. Во огледалото Ико го здогледува одразот на избезумениот испотен лик на губитникот, со пиштол во отворената уста.

Човекот истрелува во себе. На плочките од спротивната страна плиснува крв.

Ико стаписано го гледа сето тоа.

**2. сцена: Куќата на Ико.**

Стара, руинирана куќа со двор, дуња и гулабарник. Ико застанува пред неа и пали цигара додека до него допира гугувкањето на гулабите. Од куќата низ еден прозорец допира светлина.

Ико влегува дома. Во старата соба свети абажур од плетена слама. На нерамните испукани ѕидови виси стара свадбена фотографија на маж и жена во скочанета поза и една „стакларска" слика со убавица покрај езеро по кое пливаат лебеди. На другиот ѕид, над наместениот кревет со потемнети месингени украси закачена е ветва таписерија со елени на планинско поило.

Среде собата стои сосем излижан стол за лулање, а пред него масичка со весници, кутија цигари и стари очила. Ико приоѓа и зема еден од нив. Тоа е стар пожолтен број со партизани на насловната страница. Го остава весникот.

Ико: Стари, тука си?

Никој.

**3. сцена: Казиното.**

Казиното дење. Ико влегува во просторијата. Носи стара виндјакна од змиска кожа. Една чистачка само што дочистува со шумната правосмукалка и заминува. На рулет масата, сама игра една позната физиономија која го забележува дојденецот.

Кец: Здраво, Смок. Да свртиме по еден круг?

Ико: Не играм ја на тоа.

Кец: Па да, ти си тип за руски рулет. Те бараше газдата.

Кец ја врти рачката и го фрла топчето што скока по рулетот. Ико заминува.

**4. сцена: Канцеларија во Казиното.**

Канцеларија на газдата. Луксузно е наместена. Ико влегува. Газдата, дебелкав човек во скап костум и очила со златни рамови, го погледнува преку нив.

Газдата: Кај си до сега?

Ико: Се успав, Газда. Вчера останав до касно.

Газдата: Полицајци дојдоа и сабајлево. Сакаат да те прашаат уште нешто.

Ико: Што да прашаат. Човекот си го свирна куршумот во уста. Тоа е сѐ.
Газдата: За нив не е доста. Имаш ли досие кај нив?
Ико: Може. За маалски тепачки од младост.
Газдата: Они се платени да не веруваат. А не ти верувам ни ја.
Ико: Што можев ја тука, газда. Човекот изгубил голема пара.
Газдата: Тоа објасни им го тоа на полицајците. Казиново е привремено затворено. А ти си отпуштен од работа.
Вади од фиоката плик и го фрла на масата.
Газдата: Ова е за тебе. Не си ја заврши работата, Смок. Те плаќам, за добро да чуваш.
Смок ги зема парите и заминува.
Газдата: Ико!
Смок се врти. Газдата од фиоката му дава визит-карта.
Газдата: Еве ти една адреса. Бараат луѓе за обезбедување. И добро плаќаат.
Ико Смок за миг го гледа, а потоа ја зема картичката. Си оди без збор.

**5. сцена: Кафуле.**

Квечерина. Дискретна светлина и музика. Ико пие виски. Вниманието му го привлекува силен звук на мотоцикл и кочници. Тоа е женска на чопер. Носи јакна со метални нитни. Има кратка коса, делува по малку машкуданесто.

Ико ја следи со погледот. Таа бара некого. Погледите им се среќаваат. Таа седнува и продолжува да бара со поглед. Тој пали цигара. Таа го враќа својот поглед кон него. И' се доближува келнерот.

Келнерот: Чао Нате. Ако го бараш друштвото, уште не се дојдени. Ќе се напиеш ли нешто?
Нате: Вотка. Сечена.
Келнерот кимнува и заминува. Нате подгледнува во Ико. Овој гледа во неа. Таа го избегнува погледот. Кога го враќа, Ико Смок заминува во ноќта.

**6. сцена: Полициска станица.**

Смок е пред еден крупен инспектор во униформа.

Инспекорот: Сакаш цигара?

Ико: Имам.

Вади цигара од џебот.

Инспекторот: Овде пушењето е забрането.

Ико: Ти ме праша дали сакам цигара.

Инспекторот: Точно. Овде испитуваме, не исполнуваме желби. Ја имам желба да ти ја растурам главата, како и на секој друг рекетар. Ама не можам. Забрането ни е да исполнуваме желби, посебно свои.

Ико: Слушај ја сум само портир у Касиното и...

Инспекторот: А ја сум Дедо Мраз у студентски години. Зошто му го свирна куршумот? Кој ти го нарача убиството?

Ико: Какво убиство, човече. Сам пукаше у себе.

Инспекторот одненадеж му треснува силна шлаканица. Ико се занишува.

Инспекторот: Извини, ми се испушти. Станувам нервозен кога ме лажат. Човекот го најдоа без пари, а тебе не те прегледале ноќта.

Ико: Он сите пари ги изгуби. Затоа и се уби.

Инспекторот: Тоа е твоја верзија. Мојата е поинаква.

Се враќа на бирото и отвора досие.

Инспекторот: Овде пишува дека пред шес' години си се вратил од странство.

Ико: Работев у Шведска.

Инспекторот: Види богати. Сите гледаат да ја дувнат од оваа посрана земја, а он се враќа во неа. И тоа од Шведска.

Ико: Стариот ми беше болен. Немаше кој да го гледа.

Инспекторот: Дупеше ли тамо, у Шведска?

Ико молчи. Инспекторот се задлабочува во досието.

Инспекторот: А те дупеа ли тука? Си бил у затвор.

Ико: Заради тепачка. Го истепав лекарот на стариот. Бараше поткуп.

Инспекторот: Па што, денес сите бараат. А лекарот умрел од повредите.

Ико: Лекарот умре од пиење. Му се качил притисокот. Доби капка, од капка. А, осигурување не се исплатува за умирачка од покачен приситок. Каков што беше, нешто него сигурно ќе го средеше.

Инспекторот: Ајде, де?

Ико: Да ти кажам право, сакав да го средам јa. Ама закаснив.
Инспекторот го гледа в право в очи. Пауза.
Инспекторот: Добро, можеш да си одиш. За сега.

**7. сцена: Гулабарник.**

Ико во гулабарникот. Ги храни своите гулаби. Зема еден крупен сив гулаб, го милува и тивко му зборува. Птицата во неговите дланки возвраќа со топло гугање.

**8. сцена: Улица.**

Маалска улица на зајдисонце. Покрај црта изгребана на земја, паѓа петоденарка. Ико Смок и еден необичен врсник со бејзбол-капа на главата и стар зелен мантил играат „фанта“. Тоа е Игнатие, или Игно.
Игно: Гледај сега Смок, како џитка мајстор.
Игно фрла. Парата летнува далеку од цртата.
Игно: Мала грешка. Подобро летам параглајдери. За пари и онака не ме бидува.
Смок се смее.
Ико: Тогаш, бе Игно, што ме тераш да фрламе „фанта“?
Игнатие: А ти што прифаќаш?
Ико: Јa, Игнатие, сакам да победувам.
Игнатие: А јa, Смок, сакам игри со летање. Утре ми стига новиот параглајдер. Сакаш да пробаш да леташ?
Ико: Јa не летам Игно. Ползам. Кај се видело Смок да лета по небо?
Игно: Не си пробал. И змиите ќе летаа, само ако знаеја каков ќеиф е летањето.
Игнатие се смее. Фрла пак.

**9. сцена: Агенција.**

Канцеларија во агенцијата за обезбедување. Шефот гледа во Смок. Тоа е силен, кратко потстрижан човек со четвртесто лице, скап костум и вратоврска во посилни бои и наметлив дезен.

Шефот: Ова не е нежна работа.

Ико: Не сум ни ја нежен човек.

Шефот: Добро. Да пробаме каков си. Придружи се вечерва на момците. Ќе посетите кафана.

Ико го гледа со својот студен поглед. Ја крева слушалката.

Шефот: Нека влезе Кец.

Во канцеларијата влегува Кец. Ико изненадено го гледа.

Шефот: Имаш нов човек во групата.

Кец: Значи пак работиме заедно, а Смок.

Шефот: Се знаете?

Кец: Он работеше во Казиното.

Ико: А, ти?

Кец: Ја работам за фирмава.

Ико: Од кога?

Кец: Цело време. Ние го обезбедуваме и Казиното.

**10. сцена: Ресторан.**

Клуб кафеана. Ретки гости. На масите свеќи. На пијаниното на кое се наоѓа голема стаклена чаша со неколку банкноти, свири млад музичар со очила. На спротивната страна седат двајца и една жена. Тоа е Нате. Носи дискретна шминка, облечена е во вечерен, коктел-фустан. Еден келнер носи три пијалоци со мраз. Нате ја гаси цигарата и станува. Со неа е Јане, сопственик на ресторанот.

Келнерот: Уште нешто, Газда?

Јане: Провери ги нарачките. Нате, кај одиш?

Келнерот заминува.

Нате: Имам работа, Газда. А мислам дека имате и вие.

Јане станува.

Јане: Остај го тоа. Ќе се видиме ли вечерва?

Нате: Ако завршам порано. Бизнисот бара жртви, Јане.

Другиот гостин: Вие сте бизнисмен?

Нате: А вие сте шверцер.

Гостинот е стаписан.

Јане: Нате, не биди непристојна.

Нате: Нема врска. Секој го работи она што го знае. Оној на пример, свири фалш. Пријатно.

Заминува. Јане гледа по неа. Таа остава пари во чашата. Излегува.

Другиот: Опасна женска.

Јане: Не те прашав за коментар. Ајде, дај да видам што носиш.

Човекот извлекува актовка од под масата и ја отвора. Во чантата има златен есцајг. Заблеснуваат густо наредените сетови вилушки, лажици и ножови..

Другиот: Заврши војната, сега тргуваме со вакви работи. Пристојна роба и одличен квалитет. Заработката не е како онаа, ама што да се прави – мирнодопска трговија...

Јане: Не се лоши.

Другиот: Осумнаесет карати.

Јане: Имаш ли доволно?

Другиот: Колку ти требаат. Можам да набавам цел шлепер.

Газдата: Каква е цената?

Другиот: Ќе се договориме. Само, се плаќа во кеш. И за урнеков, ако го задржиш.

Пијанистот свири. Другиот човек заминува. Газдата го допива пијалакот. Пред него е актовката со есцајгот. Една рака ја отвора чантата. Јане погледнува. Тоа е Кец. Покрај него е еден огромен тип со груба небричена фаца. Ико го брка пијанистот. Овој уплашен заминува. Кец вади еден златен нож од чантата со есцајгот. Јане е изненаден.

Кец: Скапа роба, драги господине. Колку чини ова парче?

Јане: Ве молам оставете, тоа не е мое.

Кец: Точно. Наше е.

Јане: Ти не си нормален.

Кец: А ти можеш да бидеш претепан. Ако имаш среќа. И ако решам така. Го гледаш ли Цветко. Он е гробар. Ова го работи хонорарно. Развива мало

стопанство и прави обрт на капиталот. Цветко, си сечел ли до сега со златен нож?
Јане: Кој си ти?
Кец: Добар човек. Заштитник.
Јане: Добро, што сакаш!
Кец: Да му ја ширам дејноста на Цветко. Ти имаш фини кафани, а во кафани денес влегува лош народ. Ние сме добрите момци и се бориме против лошите. Како партизаните, ти текнува.
Од кујната ѕирнува келнерот.
Јане: Не можам да плаќам. Уште должам за кафанава.
Кец: Е, гледаш, и тука можеме да ти помогнеме. Ние штитиме од секаква беља. Обично скратуваме, ама за пријатели и продолжуваме рокови на исплата. Како во филмовите, ти текнува. Ништо тебе, брат, не ти текнува.
Јане: И да сакам, не можам, верувајте... Немам пари. Ако се стрпите, ќе вратам...

Од кујната скокнува келнерот. „Цветко“ се врти, со пиштол во раката. Келнерот застанува. „Цветко“ му дава знак на Ико. Овој го треснува келнерот по брада. Келнерот паѓа.
Кец: Добро, со сила не бива убавина. Еве ти го и ножето, па ти размисли.
Јане ја отвора дланката. Кец со брз потез му ја засекува. Јане станува и го удира со тупаница. Кец го прима ударот, но молневито замавнува кон лицето на Јане со златниот нож. Јане се тргнува на назад и превртува една маса од која на земја шумно паѓаат чините и приборот за јадење. На лицето има длабок, крвав рез. Јане скокнува како попарен. Крв му капе и од раката. Бурно дише. Кец спокојно ја зема актовката.
Кец: Знаеш дека добро сечат? Сакам да ги пробам и другите. А ти добро размисли. Ќе се видиме ние повторно.
Заминуваат сите тројца. Јане ја врзал раката со салвета по која се шири црвена флека.

**11. сцена: Гулабарник.**

Ноќ. Ико пред гулабарникот. Повраќа. Се слуша гугањето на неговите гулаби. Од куќата допира топла светлина.

**12. сцена: Куќата на Ико.**

Смок влегува дома. Тивко ја затвора вратата. Кога се свртува на лулашката го здогледува татка си. Тоа е ситно белокосо старче со очила потспуштени на носот и со пожолтените весници во рацете. Стариот ја крева главата и го погледнува преку очилата.

Ико му се насмевнува.

Стариот, со чудна блага полунасмевка, живо му потврдува. Ико за момент го спушта погледот. Татко му со истиот израз, кима со главата во знак на благ прекор, како сѐ да разбира.

Ико влегува во другата соба. Таму се наоѓа грамофон и куп плочи. Вади и пушта една од нив. Низ куќата се разлева стара мелодија. Ико погледнува кон другата соба.

А таму, стариот станал и гледајќи радосно во синот, смешно игра, мавтајќи со свитканиот весник и ведро цупкајќи во ритамот на мелодијата.

**13. сцена: Кафуле.**

Келнерот работи на шанк. Доаѓа Ико и овој го здогледува.

Келнерот: Еј, Смок. Дојди, имам нешто за тебе.

Ико оди до шанкот.

Ико: Имам и ја, стари.

Ико покажува две ЦД-а. Келнерот се насмевнува.

Келнерот: Глеј го сега ова.

Ја турка раката во пазуви и вади едно младо, бело гулапче.

Ико ги подава рацете и го зема. Го гали гулапчето со палците, очигледно задоволен.

Ико: Убава птица. Ќе биде добар летач. Кај ја најде, стари?

Келнерот: Од спонзори. Има уште фраери што држат голуби и биљбиљи. Така ли е, Смок.

Ико: Така е, стари. Фала ти.

Келнерот: И тебе дечко, и тебе. Дисковите се прави бомбони.

Ико: А женската, кај е?

Келнерот, насмеан, го погледнува.

Келнерот: Која женска?

Ико: Знаеш која, не се прави недоветен.

Келнерот: Добра е, нели?

Ико: Не вози лошо.

Келнерот: Ја не мислев на тоа, Смок.

Ико: Ја мислев.

Келнерот: Јане ја донесе.

Ико: Кој Јане?

Келнерот: Кафанџијата. Порано учествувала у трки на мотор. Сега се смирила: свири сејшни по кафичи. И тоа добро.

Ико: Каква е?

Келнерот: Малце е откачена. Оштра е на јазик. Живее, вика, сама. Ја мислам дека сега се плетка со Јане. Ама све мислам бара нешто друго у живот.

Ико: Што тоа, стари?

Келенерот: Кој знае. Свири страшно, само понекогаш свирката и’ е расеана, како да мисли на нешто друго.

Во кафулето, облечена како првиот пат, влегува Нате. Се изненадува кога го здогледува Ико. Особено гулабот во неговите раце.

Ико: Здраво.

Нате: Здраво.

Келнерот: Убаво му стои гулапчето, а? Види што добив во замена.

Мавта со ЦД-ата. Нате погледнува во Ико. Келнерот погледнува на часовникот.

Келнерот: Нешто за пиење?...

**14 сцена: Гулабарник.**

Меѓу другите гулаби седи новиот млад бел гулаб. Ико го зема. Излегува во дворот. Го милува, а потоа го пушта да полета.

Гулабот летнува високо. Ико воодушевено го гледа неговиот лет. Потоа гулабот се устремува надолу. Слетува. Смок ја доближува птицата до лицето и ја милува. Погледнува кон прозорецот.

Од таму насмевнат го гледа татко му.

**15 сцена: Кафуле.**

Таму е Нате, сама. Чаша со вотка пред неа. Пуши. Доаѓа Ико. И кимнува во знак на поздрав. Збунет е. Бара место да седне.

Нате: Зошто не седнеш тука. Веќе се запознавме.

Ико е изненаден, седнува. Нате му дава знак на келнерот.

Нате: Што ќе се напиеш. На моја сметка. Сакаш вотка?

Ико погледнува во келнерот. Овој му намига.

Ико: Не пијам. Може сок.

Нате пие од вотката.

Нате: Гледам купуваш дискови. Да не се бавиш со музика?

Ико: Не ме бива за музика.

Нате: Не е важно, важно е да правиш нешто. Не ме бива ни мене, па свирам. Да не свирев, ќе се пропиев.

Келнерот носи пијалак.

Келнерот: Не и' верувај. Не свириш лошо, прави добри рифови.

Нате: Стварно? А ти правиш добри штосови.

Таа се напива. Ико го испива сокот на искап. Таа пак се напива. Тишина. Ико станува.

Ико: Слушај, идам ја.

Нате: О кеј, се гледаме.

Ико: Фала за пијачката.

Го гледа право в очи. И тој неа. Ико заминува. Таа гледа по него. Келнерот ја забележува нејзината заинтересираност и и' намигнува. Таа се потсмевнува.

**16. сцена: Улица.**

Јане и Нате на улица. Раката му е врзана. На лицето му се познава лузната. Тој ја допратува до еден влез. Застануваат.

Јане: Нема да ме поканиш.

Нате: Не. Ми се спие.

Јане: И мене. Сакам да спијам со тебе.

Тој се обидува да ја бакне. Таа го избегнува. Наеднаш во темницата на влезот чкрапнува чкорче. Слабата светлина го осветлува лицето на Кец. Јане и Нате остануваат стаписани.

Засолнат зад вратата, вџашен од тоа што го препозна гласот на Нате, стои Ико Смок.

Кец: Добро вечер, господине. Имавме закажана средба, ако не се лажам.

Нате: Јане, кој е ова?

Кец: Михаил, архангелот.

Јане: Што сакаш сега?

Кец: Тоа не се прашува. Ме прати Цветко. Поздрави го, вика, господинот и прашај го дали сака да му ги дотераме ресторанитe. Отворивме фирма за внатрешна декорација. Средуваме модерно, на парам-парче. Ресторан или женско, сеедно.

Јане: Неа остави ја на мира.

Кец: За тоа ти решаваш, Газда.

Ја фаќа Нате за коса. Јане се повлекува. Од палтото вади пиштол.

Јане: Остави ја, слушаш ли.

Кец ја држи како штит.

Кец: О-па, сме се опремиле во меѓувреме. Цветко, човекот има пиштол. Пукај и ќе пукам и јас во неа. Сам ќе си ја убиеш женската. А цената е ептен мала.

Сега даваме сезонско снижување.

Од зад вратата излегува Смок. Нате е запрепастена.

Ико: Пушти ја девојката, Кец.

Кец го гледа со неверица.

Кец: Ти си будала.

Смок: Пушти ја, ти реков. Она не е ништо крива.

Кец: Како сакаш. Не сум ни ја за тоа што ќе ти се случи тебе. Кажи му на копукон да го тргне пиштолот.

Ико му дава знак на Јане. Овој го враќа пиштолот во палтото. Кец, погледнувајќи кон нив, забрзано заминува. Јане е сѐ уште стаписан. И Нате. Ико кратко ја гледа, па заминува на другата страна од улицата.

**17. сцена: Стар дуќан.**

Осамен дуќан со избледен натпис „Бакалница“, а под неа името Борис, со нечитко презиме. Цветко ја отвора старата чкрипава влезна врата која удира во ѕвонец на горната рамка. Цветко влегува во дуќанот. Ико оди по него.

**17-а под-сцена: Внатрешност на дуќанот.**

Полумрак во дуќанот. Цветко подзамижува и бара нешто со погледот.

Наоколу се стари сталажи и стаклени тегли со свилени бонбони. На испуканите, извалкани ѕидови, висат фотографии и новински исечоци од стари фудбалски клубови. Од полумракот се огласува една силуета на стар човек со очила.

Борис: Што треба?

Цветко: Ти ли си Борис?

Борис: Ти кој си?

Цветко: Цветко, сме се запознале.

Борис: А, силеџијата...

Цветко: Немој така. Луѓе сме, не треба да се навредуваме. Речи: Цветко од урбанизам, и сѐ е јасно. Единствено што не е јасно е зашто ти тераш инает.

Борис: Зашто сакате да ме опљачкате. Да ми го земете дуќанов за бадијала.

Цветко: Ајде, не претерувај. Овде треба да се гради трговски центар. Да се разубави населбата. Сите ги дадоа дуќаните, а ти единствен удираш контри на напредокот. Бива ли таа работа бе Борисе.

Борис: Дуќан давам, дуќан барам.

Цветко: Е па ќе добиеш. Они два ти нудат.

Борис: Да, ама не сега. Кога ќе се изградел трговскиот центар. Од што ќе живеам јас до тогаш?

Цветко: Од пензија бе Борисе.

Борис: Немам пензија.

Цветко оди до него. Го фаќа за лицето.

Цветко: А кој вика дека ќе живееш? Може ќе умреш скоро.

Борис му се истргнува. Ја отвора фиоката, вади пиштол.

Борис: Ајде сега џом. Оди кај твоите ганстери и кажи им ако мислат дека ќе го уплашат Бориса, многу се заебале. Сум поминал ја такви и бетер од нив. (погледнува кон Ико) А, ти бе, што си се шчучурил таму. Тебе прв пат те гледам. Ти мора да си приправник силеџија.

Борис оди со пиштолот кон Ико. Ико го гледа. Борис подзамижува, додека испитувачки го посматра.

Борис: Чекај, чекај...Познат си ми. Чив беше ти? Не беше ли на Никола?

Ико ја наведнува главата.

Борис: Маме му ебам, што направија од вас. Требеше луѓе да излезете. И тоа какви. „Чоек, како гордо звучи". Знаеш ли дека со татко ти заедно у затвор сме скапуеле? На иста страна сме биле. Четириесе' и осмата и четириесе' и деветтата. После мене ме пуштија. Ја го отворив дуќанов. Татко ти остана. Он беше поцврс'. Ама ти не си како него. Тебе те средиле. Ај м'рш од овде. Нема да те пљукнам, само зарад' татко ти.

Ико го погледнува стариот. Овој го издржува погледот. Потоа се врти и излегува од дуќанот.

**17-б. под-сцена: Стар дуќан.**

Бакалницата однадвор. Ико чекори напред. Зад него од дуќанот излегува Цветко.

Цветко: Смок, чекај бе. Смок!!!

**18. сцена: Кафуле.**

Дождлив ден. Мелахолична музика ја надополнува атмосферата во празното кафуле. Смок застанува. Гледа. Таму е Нате, сама. Нате има отсутен лик. Наеднаш таа го забележува Ико.

Однадвор, тој брзо се тргнува и си оди. Паѓа дожд. Продолжува мелодијата. На влезната врата се појавува Нате. Залудно го бара со вознемирениот поглед.

**19. сцена: Куќата на Ико.**

Ико Смок влегува дома. Погледнува кон собата на татка си. Татко му, оттаму, го фиксира со еден сериозен, продорен, прекорен поглед. Ико не го издржува и ја наведнува главата.

**20. сцена: Падина.**

Широка падина над градот. Игнатие носи голем шарен параглајдер, облечен во смешна стара пилотска капа, со својот стар мантил и високи чизми на нозете. Вика силно, со радосна егзалтација, фаќа залет и трча по една планинска падина.
Игнатие: О-опс!
Параглајдерот се одлепува од земја. И летнува.

**20-а под-сцена: Лет.**

Додека откопчаната капа му ја развејува ветрот, Игнатие, со радосна љубопитност разгледува долу, под себе. А под него, се простира голем град по чии улици возат ситни автомобили. Игнатие ужива во летот. Под него е нова глетка, еден градски дел со мали дворови и стари куќарчиња. Летачот радосно вика на сет глас.
Игнатие: Е-ееј!

**20-б. под-сцена: Дворот од куќата на Ико.**

Од долу, од својата куќарка необичниот летач го здогледува Ико Смок. Во рака го држи својот гулаб. Се насмевнува и тој.
Ико: Е-еej, Игнатиeeee!
Горе, кај што шуми силниот ветер, Игнатие не може да го чуе. Само го гледа, му мавта и продолжува да лета... ...со шареното летало што броди по синото небо.

Долу, под дуњата, Ико Смок го пушта младиот бел гулаб од раце. Птицата се вивнува кон висините. Горе е параглајдерот. Двата летачи создаваат една чудна, благородна слика.

**20-в. под-сцена: Лет.**

Гулабот лета по небото, жедно отворајќи го клунот и забавено мрдајќи со крилјата кои шумат на високите ветрови.

**20-г: под-сцена: Дворот од куќата на Ико.**

Ико Смок во својата виндјакна од змиска кожа ги затвора очите, и се врти на земјата, бурно дишејќи, поистоветен со летот на својот гулаб.

**21. сцена: Куќата на Ико.**

Смок ги отвора очите. Се наоѓа во својот кревет, мамурен е од сонот. Ја врти главата кон другата соба во чија длабочина, на лулашката – со чкрипење лулајќи се – седи татко му, задлабочен во читањето на својот вечен весник. Стариот погледнува во него, а потоа весело со главата му покажува на гулабот кој шумно павтајќи со крилјата, ваму-таму разлетува низ внатрешноста на куќата.

**22. сцена: Пред куќата на Ико.**

Смок се враќа дома. Ноќ. Ненадејно од мракот пред него се појавува огромната фигура на Цветко. Смок се изненадува. Се врти. Зад него е Кец.

Со студениот поглед и цигарата меѓу тенките усни

Кец: Те нема на работа, Смок.

Смок: Ме нема. Таа работа не е за мене.

Кец: Знам, ама фирмата имаше штета од тоа.

Смок: Каква?

Кец: Морална. Нас нè не напуштаат. Само ни се придружуваат. Така ли е Цветко?

Цветко му ја става тешката рака на рамо. Смок брзо се врти кон него. Цветко го треснува по лице. Смок се тетерави. Вториот удар му доаѓа од Кец. Третиот пак од Цветко. Паѓа на земја.

Кец: А, да. Ќе заборавев. Те поздрави Шефот.

Му удира клоца по стомак. Пак се губат во темницата.

Додека се слушаат нивните брзи чекори, Смок се витка на земја.

**23. сцена: Ресторан.**

Ресторанот на Јане. Ден. Двајца келнери ги местат масите. Една чистачка брише стакла. Јане седи на една маса и пие. Замислен е. Со полузаздравената рака на која се познава лузната на дланката, замислен, ја трие лузната на лицето. Ненадејно, од пијаниното се слушаат звуците на стара мелодија. Јане се врти. Таму, облечена во својот рокерски костим, на клавирот свири Нате.

Нате: Да ти одат подобро мислите.

Јане станува и оди до неа. Таа продолжува да свири.

Јане: Кога дојде? Не те осетив.

Нате: Така и треба. Јас сум самовилата. Ти си стариот крал.

Јане: Можеше да ме прогласиш барем принц.

Нате: Ајде може. Ама сè уште претворен во жаба.

Сака да ја бакне.

Јане: А да ме вратиш во правата форма?

Нате: Немам време. Ја сум зафатена принцеза. Работам на саат во твојов дворец.

Наеднаш изразот му се замрзнува. Се врти и Нате, и ненадејно го прекинува свирењето. На вратата се Кец, Цветко и – на местото од Смок – уште еден помлад рекетар со палки.

Кец: А еве го и маѓепсникот. Со волшебното стапче.

Замавнува со палката и подбира едно шише со вино и неколку чаши. Со театрално изненадување гледа во палката.

Кец: Силна магија.

Келнерите се запрепастени. Еден се обидува да крене телефон. До него оди Цветко и замавнува со палката. Келнерот ја трга раката. Палката во парчиња го разбива телефонот. Нате стаписана потстанува на столчето, несвесно удирајќи со раката по клавијатурата што произведува атонален удар.

Кец: А, да. Цветко е змејот.

Прво погледнува, па тргнува кон Нате. Неговиот компањон оди на другата страна.

Кец: А, како ни е принцезата?

Јане започнува да се повлекува наназад.

Кец: Знаеш ли, принцезо, дека твојот принц не е више стражар кај нас?

Ја милува по образот.

Кец: Принцеза со швалер. Тоа никако не иде. Нели така, височество?

Јане ја става раката во реверот и го вади пиштолот. Кец нервозно ја тргнува главата. Цветко притрчува и ја крева палката. Јане го врти пиштолот и пука во него. Цветко паѓа. Јане го врти пиштолот кон Кец. Овој уплашено ја стега палката. Ги стиска очите од неизвесност. Лицето му е испотено. Нате се тресе од возбуда.

Нате: Пушти го.

Јане: Ќе го убијам.

Јане, вон себе од возбуда го стега пиштолот. Му се тресе раката и тој ја престегнува дршката. Нате не издржува, вика.

Нате: Пушти го, кога ти викам!

Јане го гледа Кец. Овој не го спушта погледот од него. Јане го пушта пиштолот. Нате хистерично заплачува.

Кец и другиот забрзано си одат. Јане го фрла пиштолот покрај неподвижниот Цветко.

**24. сцена: Ресторан.**

Криминалистичка екипа го фотографира просторот. Нате стои на другата страна. На една маса седи Инспекторот. Пред него е Јане.

Инспекторот: Значи, нужна одбрана. Денес сѐ повеќе се гине од нужна одбрана. Нема веќе фини, класични убиства со психолошки мотив како во филмовите. Само жртви од нужни одбрани. Ајде, седи, не се потресувај.

Јане механички седнува.

Јане: Сакате пијалак, инспекторе?

Инспекторот: Не пијам на должност.

Јане: Сакате нешто друго...

Инспекторот: Сакам нешто друго.

Јане се стаписува.

Инспекторот: Преку кур ми е од накнади во пијачка. Стомакот ми потече од евтини частења: шише виски и вечера. Ја на него слобода, он мене вечера. Има ли тука логика? А, кажи! Вечерите беа за гладните времиња. Денес сме сити од вечери. Денес за помали ствари се частат аута спаковани у црвени панделки, а надвор све се плаќа у марки. Од боја за кондури и евтини сретства за чистење, до најскапи средства за прљање. Ние сме у Германија, дечко. Само не сме свесни. Капираш?

Јане го гледа не трепнувајќи. Нате брзо заминува. Јане гледа по неа.

Инспекторот: Колку ти побараа за рекетот?

Јане: Многу. Десет илјади.

Инспекторот му ја става раката на рамо.

Инспекторот: Не плаши се. Ја сум дупло поевтин. А давам и попуст.

Јане втренчено го гледа.

**25. сцена: Куќата на Ико.**

Куќата на Смок. Тој пушта музика на радио. На лицето има модринка. Стариот слуша музика и пуши. Ја остава цигарата да чади во пепелникот. Се слуша чукање на вратата. Стариот се потресува и се крие. Смок внимателно ја подотвора вратата. Надвор стои Нате. Смок и' ја отвора вратата. Таа влегува во претсобјето, му се доближува, го фаќа за образот со модринката, а потоа го бакнува. Долго, очајнички. Смок ги стега рацете околу неа. Таа ја затвора вратата зад себе.

Во собата прпелка белиот летач на Ико Смок. Во пепелникот останува да чади оставената цигара на Стариот.

**26. сцена: Куќата на Ико.**

Во креветот на Смок, две голи тела, се извиваат во нежна, но и страсна љубовна игра.

**27. сцена: Лет.**

Со силен лепет на крилјата кон небото летнува белиот гулаб на Ико.

Горе во височините кон кои забавено граби силовито кревајќи се, повторно лета шарениот параглајдер на Игнатие.

**28. сцена: Куќата на Ико.**

Смок и Нате, голи, спијат на креветот во неговата соба, под фотографиите на старите рокери, една носталгична романса од исечоци закачена по ѕидовите.

Во длабочината на другата соба каде што обично го наоѓаме Стариот, во пепелникот покрај стариот весник одново чади цигара. Се слуша чудно крцкање. Потоа се покажува Стариот, со очилата потспуштени на носот, како гази на прсти, љубопитно ѕиркајќи кон заспаниот љубовен пар. Подзастанува. На лицето му се јавува шеретска насмевка.

Потоа одново заминува продолжувајќи невешто да оди на прсти, додека подот смешно крцка.

**29. сцена: Подрумот на рокерите.**

Подрумот на рокерите. Свират Нате и нејзиниот бенд. Ико ги гледа, од страна. Погледот му е на неа. Таа му се насмевнува.

**30. сцена: Лет.**

...Додека мелодијата продолжува, на небото лета гулабот на Ико Смок. Бродејќи по руменото небо на првиот самрак. Одозгора гледајќи го градот што во првата квечерина заблеснува со штотуку запалените светилки.

**31. сцена: Ресторан.**

...Мелодијата продолжува.
Во ресторанот Нате, сама. Свири. Ненадејно влегува Јане. Ја гледа испитувачки право в очи. Таа му одвраќа студен одбивен поглед. Наеднаш и' удира силна шлаканица. Потоа заминува. Нате се држи за удрениот образ.

**32. сцена: Полиција.**

Инспекторот пие кафе, силно шмркајќи. Пред него е Шефот на агенцијата. Презирно го гледа.
Инспекторот: Сакаш кафе?
Шефот: Не, благодарам. Ако може да...
Инспекторот: Значи нејќеш кафе. Е, па, виски не држиме. Не носат више клиентиве. Не е како порано, кога работевме заедно. А, како е кај вас по тоа прашање, колега?

Шефот: Петко, не заебавај. Што сум ти ја крив што остана во оваа работа.
Инспекторот: А кој вика дека си ми ти крив? Сите отидоа во приватници. Ете и ти...
Шефот: Имам фирма, во што е тука проблемот?
Инспекторот: ...А што може да работи бивш полицаец на приватно, да отвори читална? Или агенција за уценување.
Шефот: Ја немам ништо со тоа. Работам на обезбедување. Даваме заштита на пејачи, диско-клубови и бркаме и сликаме швалери на жени од политичари... Што има тука лошо?
Инспекторот: Све, дечко. Тука нема ништо добро. Ти тоа го знаеш боље од мене. Порано работеше у секторот за тежок криминал.
Шефот: Се извинувам , имам многу работа. Може ли да знам зошто сум повикан...
Инспекторот: Па, затоа. Зашто имаш многу работа. Кога вие имате работа, ни отварате работа и на нас. А што имаме ние од тоа?
Шефот: Со мене тоа може да се среди.
Инспекторот: Тоа со тебе може да ме среди мене. А ја сакам уште една ѕвездичка. Ем да личи на еполетиве, ем да личи на платниот список. Сакаш, вика шефот, ама нема. Во твојот реон, вика, се намножија сè добри фирми.
Шефот: Слушај, мојата агенција е регуларно регистрирана. Можеш да провериш.
Инспекторот: Зошто? Ти верувам, човече. Знам и колку вработени имаш.
Шефот: Тогаш, во што е работата?
Инспекторот: Работата е во тоа што од синоќа имаш човек помалце. А ја имам проблем поише.
Шефот: Човекот работеше кај мене, ама ја немам ништо со тоа. Денес сите работат и хонорарно. Секакви работи.
Инспекторот го гледа право во очи.
Инспекторот: Имате ли синдикат? Денес тоа е модерно. Сите имаат синдикат.
Шефот молчи.
Шефот: Немаме.
Инспекторот: Немаме ни ние. Не даваат. Нас нема кој да нè штити. Ние се штитиме самите.
Шефот: Може ли да си идам, Петко.

Шефот станува.

Инспекторот: Може, колега. Истрагата и онака е во тек. Ти гледај само жртвите да не ти идат во чифт. Знаеш, многу ја сакам таа ѕвездичка, колега.

**33. сцена: Зградата на Нате.**

Ико Смок пред зградата на Нате. Јакната ја заменил со сако. Во рака држи каранфил.

Ѕвони пред нејзината врата. Вратата се отвора и на неа се појавува деветгодишно детенце. Го гледа со сериозните бистри очи. Смок збунето го гледа.

Смок: Тука ли живее Нате?

Детето: Тука. Ама сега не е дома.

Смок: Што ти е она тебе?

Детето: Мајка.

Смок: Кажи и' дека ја бараше Ико.

Смок се врти и заминува.

Детето: Нема да го оставиш цвеќето?

Ико изненадено го погледнува малиот. Ико, зачуден, го подава каранфилот. Малиот го зема цветот и пред да ја затвори вратата, шеретски му намигнува. Ико му се насмевнува.

**34. сцена: Гулабарник.**

Ноќ. Ико е во ќумезот. Ги храни гулабите. Нечие присуство го тера да се сврти. На вратата е Нате.

Нате: Го добив цветот.

Ико молчи. Продолжува да ги храни птиците.

Нате: Зашто те нема, Смок?

Ико: Зашто не ми кажа дека имаш дете?

Нате: А зашто да ти кажам? Малиот е моја работа. Не е дури ни на татко му. Чао, Смок.

Сака да си оди.

Ико: Денес сите си ја гледаат само својата работа. Мислев дека со нас е поинаку.

Нате: Како поинаку?

Ико: Мене ме интересираат сите твои работи. И оние што ги прекутуваш.

Нате: Не лажи. Женска со дете нема шанси. Така сме ние овде скроени. Да не беше тоа дете мене одамна ќе ме немаше овде. Ќе ја летнев некаде кај што е нормално да се свири стар рок и кај што луѓето имаат право на грешки у животот.

Сака да си оди.

Ико: Малиот е супер. Личи на тебе.

Таа застанува. Тој и' со доближува. Ја бакнува. Таа му се препушта.

**35. сцена: Лет.**

Гулабот лета по небо.

Пред гулабарникот, неговиот лет го следат Ико и малиот на Нате. Ико му намигнува и го пушта гулабот да летне. Малиот, подзамижан од сонцето, го гледа летот на птицата, додека белиот летач прави остри спустови.

Гледа и Смок, а потоа го спушта погледот кон детето што радосно вика по птицата.

**36. сцена: Куќата на Ико.**

Ноќ. Ико замислено лежи на својот кревет.

Стариот ги крева очите, го склопува весникот и погледнуваа кон сина си, а потоа и самиот се загледува во една точка.

**37. сцена: Улица во градот.**

Ико поминува покрај стариот бакалски дуќан на Борис. Гледа кон дуќанот со нелагодност, и како што го одминува, вратата се отвора. Ико ја врти главата и продолжува со забрзан чекор.
Глас: Ико!
Тој застанува и се врти. Го здогледува, на вратата од дуќанот, насмеан, Игнатие.
Игнатие: Ико, ела ваму.
Ико: Што бараш тука?
Игнатие: Да го огребам малце стариот. Ама еве го нема у дуќан.
Ико: Тебе ти е он татко?
Игнатие: Борис. Еби му мајката. Дојди.
Ико влегува во дуќанот. Внатре го дочекува истата полутемница.
Ико: Па ти никогаш не си ми кажал дека татко ти е жив.
Игнатие: Па и не е. Покоен е. Почива овде во мир.
Ико: Никогаш не си го спомнал, ни по добро, ни по лошо.
Игнатие: Немаше многу добро за него. Бил негде по затвори. Со мајка ми се разведе одамна. Ја пораснав со неа. Ми се јави откако умре она. Вика, ја сакал многу. Ја му викам, баш и' е нејзе гајле сега...
Игнатие отвора една тегла. Ико го разгледува дуќанот. На едно подзатскриено место, меѓу налепените спомени од минатото, здогледува една соц-реалистичка слика на Маркс, Енгелс и Ленин.
Игнатие: Сакаш свилено бонбонче?
Ико погледнува во својот другар. Тој, пак, насмеан како и обично, му подава бонбона. Го залажува, како да сака да му ја фрли. Ико ги отвора рацете. Игнатие се смее. Ја фрла бонбоната кон него.

**38. сцена: Улица.**

Паричка од фанта паѓа точно на цртата. Тоа е паричката што ја фрла Игнатие, скокајќи од радост покрај Смок. Тука е и малиот на Нате. Се мурти.
Игнатие: Гледаш ли какво атерирање, а мали?!
Смок фрла. Со својата пара ја избива парата на Игнатие. Малиот го погледнува возбудениот летач на параглајдер.

Игнатие: Е тоа не може. Играш со иле. Тоа не е фер. Смок, ова не се важи.
На лицето на Малиот заигрува насмевка.
Смок се смее. Му намигнува на Малиот.

**39. сцена: Ново кафуле.**

Покрај Ико, тука се само уште неколку гости. Ико седи на шанкот и пуши. На вратата се појавува Јане. Ико ја отклучува вратата и му отвора. Јане е изненаден што го гледа тука. Ико пак ја заклучува вратата. Погледот му оди на една евтина женска што се кикоти на другата страна, додека еден постар човек ја стиска.

Човекот станува. Му предава чанта на Јане. Овој ја отвора. Во неа има повеќе врзоци германски марки. Јане кимнува. И станува, погледнувајќи кон Ико.

Ико, не забележувајќи го, замислен пуши на шанкот. Пред него е пијалак. Јане се загледува во него.

**40. сцена: Пред гулабарникот.**

Малиот на Нате го пушта младиот гулаб да лета. Покрај него се Ико и Игнатие. Летачот на небо изведува фигури. Тројцата воодушевено го гледаат. Игнатие е егзалтиран. Вика.
Игнатие: Еееј! Убавина. Гледаш ли мали, човекот настанал од голуб!
Малиот: Од мајмун.
Игнатие: Не секој, дете, не секој!... Пробај и ќе видиш. Ајде пробај да леташ и ќе видиш од што си настанал.
Малиот се смее. „Лета“ по земјата како гулаб.
Малиот: Од голуб, од голуб!
Се вивнува претворајќи се во бела точка на небото, а потем силовито се стрмоглавува удолу. Ико го фаќа летачот и го држи во раката.
Малиот: Ико, зашто се чуваат голуби?

Ико: Голубот се чува, мали, за да ти го пуни окото, за чист ќеиф, за да го гледаш како лета. Кој ти каже дека чува голуби за нешто друго, да знаеш дека гадно те л’же. Или не е голубар уопште.
Игнатие: Голубот ти го надополнуе оноа што го немаш. Крила да се пуштиш у слобода, да леташ, да се вивнеш високо...
Малиот: Си бил некој човек и се викал Икар. Си направил крила од восок и пердуви. Кога летнал високо до сонцето, му се стопил восокот, му се растуриле крилата и он паднал и загинал.
Ико: Кој ти го кажа тоа?
Малиот: Мама.
Ико: Тачно е. Само не загинал. Денес лета голуби.
Малиот го гледа несигурно, со насмевка на лицето.
Игнатие: Како кој. Некогаш лета на параглајдер.
Се смее.

**41. сцена: Куќата на Ико.**

Квечерина. Ико се враќа дома. На вратата го гледа параглајдерот на Игнатие. Помислува за миг, потоа брзо се враќа од кај што дојде...

**42. сцена: Стара бакалница.**

Бакалницата е во пламен. Наоколу е врвулица. Пожарникарски коли со ротациони светла. Пожарникари го гаснат огнот. Ико задишан доаѓа и гледа. Од неа на носилка, вадат едно тело. Ико во ужас го препознава Игнатие.

Застанува покрај него. Игнатие е сѐ уште жив. Погледнува во Ико. Се обидува да ја намести својата насмевка.
Ико: Издржи стари, сѐ ќе биде добро...
Игнатие: Смок, како се викаше оној тип...
Ико: Кој тип, Игно?
Игнатие: Оној... што му се стопиле крилата?
Умира. Го носат.

Пламенот е изгаснат. Ико влегува во дуќанот. Изгорени стари спомени по ѕидовите. Зад тезгата под изгорената слика на Маркс, Енгелс и Ленин, лежи безживотното тело на Борис.

**43. сцена: Куќата на Ико.**

Ико го внесува параглајдерот дома. Татко му тарашка по куп стари весници, распослани околу клацкалката. Стариот конечно наоѓа еден весник и мавта со него.

Ико: Што е тоа?

Стариот му го покажува весникот. На него, покрај сликата на Сталин и Тито, читаме наслов во врска со Резолуцијата на Информбирото. Ико стаписано гледа во стариот. Потоа, втренчено гледајќи го, стариот врти страница, го остава весникот на маса, и оди на другиот крај од собата. Му дава знак да го види. Ико се доближува и погледнува во весникот. На една страница се наоѓа сликата на татко ми и на Борис, под насловот: „Осудени народни предавници“. Стариот го зема весникот. Вознемирено сака да каже нешто.

Ико: Што е, стари, што сакаш да кажеш?

Со напрегнати вени и напрегнато, зацрвенето лице, стариот испушта грлени звуци како вознемирено гугање на гулаб. Од таа немоќ на лицето му се стркалува солза. Конечно, од устата му се измолкнува расцепениот збор.

Стариот: ...исти! Кому...н...исти!

Го фрла весникот на столицата за лулање. Таа се занишува од силината на ударот.

Ико: Стари, смири се, стари...

Стариот: Мака е, бе сине. Жал ми е.

Ико: За што, бе тато?

Стариот: За Борис, за син му. За неа, за малиот. За тебе ми е жал. За сево ова. Како можете да го поднесувате ова?

Ико: А ти што сакаш, да сториме како тебе?

Стариот го погледнува.

Ико: Да се обесиме на дрвото во дворот. Како ти што направи пред десет години?

Стариот: Сè изгуби смисла.

Ико: Ништо не губи смисла додека си жив. Животот е борба, така ти велеше.

Стариот: Се борев јас. Доста беше. Борете се сега вие.

Покажува со рака како да ќе тргне некаде. Поаѓа.

Ико: Каде, бе стари? Стари!

Си оди.

Ико: Стари, остани. Стари, не ме оставај!

Стариот го нема. Празната столица за лулање уште малку се лула.

**44. сцена: Ресторанот.**

Ресторанот е празен. Нате свири на клавир. Јане тура пијалак во две чаши и ги носи кон клавирот. Ја остава едната чаша пред Нате и ја чукнува со својата. Таа го погледнува, му се насмевнува и му кимнува со глава во знак на благодарност. Продолжува да свири. Јане оди зад неа. Ја бакнува во вратот. Таа грубо ја прекинува мелодијата.

Нате: Добро, што сакаш?

Јане: Уште не знаеш? Те сакам тебе.

Нате: Жал ми е. Тоа е готово.

Јане: Не е. На малиот му треба татко.

Нате: На малиот му требам само јa.

Јане: Зашто си така груба со мене?

Нате: Груба? Види кој го вика тоа.

Јане: Ќе го симнам цело небо за тебе.

Нате: Нема да ти успее, Јане. Облаци не се шверцуваат.

И' удира силна шлаканица. Таа се држи за удреното. Сака да си замине. Тој ја прегрнува. Се обидува да ја бакне. Таа се брани. Тој и' го кине фустанот.

Влегува Ико.

Ико: Пушти ја.

Јане ја пушта. Таа оди кон Јане.

Јане: Толку беше, а? Фала за парите и пријатно.

Нате: И тоа беше премногу.

Јане: Што сакаш поише? Да живееш на висока нога, на моја сметка? Да имаш пари, да трошите на све што ќе ти текне. Да живееш од моја пара и да продаваш морал?
Ико: Што знаеш ти што е морал? Кај се видело вакво нешто со морал да се купело?
Јане: Имавте, бе, морал порано, па све ви фалеше. Пари сакавте. Двете нешта не можеш да ги имаш. Она не може да биде и девица и курва. Ем да свири кај мене, ем со тебе да се плетка. Тебе те сака, ама мене ми е курва. Ајде, остави ја кучката. Не ми треба само она мене. И ја нејзе сум и' потребен. Со мене ќе живее као кралица. (вади пари) Еве плаќам за услугата. Слушаш ли? Остави ја или си откачен за сите времиња. Ќе те уништам, ќе ги мериш улиците и ќе чепкаш по ѓубриштата.
Ги фрла парите пред Ико Смок. Овој само студено го гледа.
Нате: Ајде, Смок. Одиме.
Ико: Чекај малце.
Нате: Одиме, Смок, молим те.
Ико: Реков почекај.
Јане вади нов грст пари.
Јане: Така е, Смок. Еве, еве ти уште. На, земи...
Смок ја зема за рака Нате и оди кон излезот.
Јане: Слушаш ли бе? Собери ги парите и бегај. Имаш тука за два живота... Ќе те уништам, слушаш ли. Двајцата ќе ве уништам!
Смок се врти кон него. Во раката му се светнува нож. Погледот му е студен. Го фаќа Јане за јаката.
Јане: Немој. Не мислев така...
Смок брзо го прободува.
Нате: Не!
Јане извесно време останува така, навален на Смок, со вџашен поглед. Потоа паѓа на земи. Смок си оди. Ја зема Нате и брзо излегуваат, додека таа плаче.

**45. сцена: Кафичот.**

Доцна ноќ. Инспекторот, шефот на рекетарите и газдата на казиното играат карти. Инспекторот има уште една ѕвезда на еполетата. Во просторијата влегува Ико. Во раката држи палка.
Инспекторот: Види-види. Нашиот јунак се вратил. Што треба?
Ико: Да ви дадам поздрав од татко ми. Си отиде, ама остави поздрав за вас.
Инспекторот: Што лажеш? Татко ти си отиде пред десет години. Излегол од болница и се обесил на дуњата у двор. Така пишува во твоето досие. Сакаш да го прошириме?
Ико: Ако. Стави го и овој поздрав.
Почнува да крши. Сите се стаписани. Инспекторот се фаќа за пиштолот. Ико го треснува со палката по лице. Останува да лежи на земја. Ико ја превртува масата. Паѓаат карти и пари на сите страни. Го удира газдата на казиното, потоа и шефот.
Келнерот стаписано го гледа.
Ико: Кога ќе се разбудат, кажи им: топли поздрави од таткото на Ико Смок.
И кажи им уште: задоцнила пратката, цели десет години.
Келнерот уплашено клима со главата.
Ико си оди.

**46. сцена: Куќата на Ико.**

Ико се враќа дома. Темница. На вратата сè уште стои параглајдерот на Игнатие. Влегува во собата. На постелата спијат Нате и малиот. Ико ги гледа.

**47. сцена: Гулабарникот.**

Мугри. Ико ги пушта гулабите од гулабарникот. Цел рој полетува на небо.

**48. сцена: Пред куќата на Ико.**

Рано утро. Очигледно само што разбуден, триејќи ги очите, малиот слегува по скалите од куќата на Ико. Оди до гулабарникот и го наоѓа празен. Го крева погледот. На небото летаат гулабите на Ико Смок. Детето гледа со збунет, сериозен поглед. Ненадејно, на лицето му се појавува насмевка.

Високо на небото, Ико Смок језди по небото на параглајдерот на Игнатие. Детето се насмевнува. Му мавта.

**48-а. под-сцена: Лет**

Одозгора Ико го гледа малиот. Гледа дека малиот, долу, ја изведува истата игра на летот, како некогаш кога беа заедно со Игнатие. Се насмевнува.

**48-б. под-сцена: Пред куќата на Ико**

Детето се врти во круг. Се смее. Потоа вика кон Смок.
Малиот: Ико знаеш ли од што настанал голубот? Од Смок!
Горе, Ико Смок лета по небото.

**48-в. под-сцена: Лет**

Ико Смок го крева погледот од долу и погледнува напред. Пред себе гледа чисти, бели облаци. Влегува во еден од нив.

**48.-г под-сцена: Пред куќата на Ико**

Малиот ја прекинува играта. Погледнува уште еднаш нагоре. Нема ништо, само чисто небо, прошарано со неколку бујни, распенавени облаци.

**К р а ј**